**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 03-07-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3/22 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ

3. **Датум на извршување на надзорот:** 3 јули 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на локално ниво, треба да биде најмалку 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари".*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ (наш бр.03-1998/1), коишто радиодифузерот на 19.04.2018 година ги достави во Агенцијата во рамки на исполнувањето на обврската за обезбедување јавност во работата (член 15 став 1 од Законот за медиуми), беше констатирано дека на 31.12.2017 година, вкупниот број на вработени во телевизијата изнесувал девет лица, од кои како новинар со висока стручна спрема било ангажирано само едно лице. Поради тоа, на 26.04.2018 година Агенцијата со писмен допис (наш бр.03-2152/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот. Според повратницата од Македонска пошта, дописот беше примен од страна на ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ на 27.04.2018 година, а рокот за доставување на документите истекуваше на 04.05.2018 година.

   Бидејќи заклучно со 15.05.2018 година радиодифузерот не ги достави бараните документи, Агенцијата повторно се обрати до него (допис бр.03-2152/2 од 16.05.2018 година) и побара истите да ги достави во рок од седум дена од денот на приемот на овој допис, кој го примил на 17.05.2018 година.

   ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ не одговори ниту на ова барање, поради што на 13.06.2018 година Агенцијата му испрати и трет допис (наш бр.03-2152/3), со кој му укажа дека е должен потребната документација да ја достави веднаш по приемот на овој допис и дека доколку не постапи по

него Агенцијата ќе покрене постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување. Овој допис беше примен од страна на радиодифузерот на 14.06.2018 година. Заклучно со 02.07.2018 година, ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ не ги достави до Агенцијата бараните документи.

**Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој *„за обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата"* и член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување доколку по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се дава следната предлог мерка:

- директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***